OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 23 јануари, 2017 година

# Охридска банка Сосиете Женерал ја наградува лојалноста на корисниците на Вестерн Унион услугите

Охридска банка Сосиете Женерал ја започна Новата година со специјална програма за лојалност за корисниците на услугите на Вестерн Унион.

Имено, со специјалната понуда достапна во текот на промотивниот период што ќе трае до 28 февруари 2017 година, Охридска банка Сосиете Женерал го наградува со подарок секој клиент кој ќе направи најмалку три трансакции преку Вестерн Унион, реализирани во било која експозитура од мрежата на Банката ширум земјата.

Охридска банка Сосиете Женерал ја овозможува оваа дополнителна услуга имајќи ја предвид потребата за забрзување на процесот на трансфер на пари за голем број семејства ширум светот, за иселениците кои ги помагаат своите семејства во Македонија, за туристите и патниците, како и за деловните луѓе кои сакаат непречено да ги извршуваат своите готовински трансакции.

Повеќе информации за Охридска банка Сосиете Женерал може да најдете на www.ohridskabanka.mk

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker".*

**КОРИСНИЧКО ИСКУСТВО, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

SOCIETE GENERALE GROUP

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709